РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА - INSTITUCIONI NACIONAL
МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА ЗА САМОСТОЈНОСТ
MUZEU I LUFTËS MAQEDONASE PËR PAVARËS
Бр.-Nr. 01-425/1
14.07. 2021 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 17став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на Република Македонија бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20) и член 28 став (2) точка 5 од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија “ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18) директорот на НУ Музеј на македонската борба за самостојност – Скопје донесе:

# П Р А В И Л Н И К
## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во НУ Музеј на македонската борба за самостојност

**Член 1**

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во НУ Музеј на македонската борба за самостојност со арх.бр. 01-397/2 од 10.08.2020 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во НУ Музеј на македонската борба за самостојност со арх. бр.01-684/1 од 29.12.2020 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во НУ Музеј на македонската борба за самостојност со арх. бр.01-229/1 од 06.05.2021 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во НУ Музеј на македонската борба за самостојност со арх. бр.01-302/1 од 03.06.2021 година.

**Член 2**

Во Глава II Распоред и опис на работните места членот 10 се менува и гласи:

Посебни услови утврдени со Законот за култура за давателите на услуги – носители на дејност од областа на културата од Категорија Г се:

- ниво на образование најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен или завршено средно образование;
- работно искуство, и тоа:
- за нивото Г1 и Г2 најмалку пет години работно искуство во струката,
- за нивото Г3 до една година работно искуство

**Член 3**

Во Глава II Распоред и опис на работните места членот 11 се менува и гласи:

Посебни услови утврдени со Законот за култура за давателите на услуги-носители на дејност од областа на културата од Категорија Д се:

- ниво на образование најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
- работно искуство, и тоа:
  - за нивото Д1 најмалку осум години работно искуство во струката и стекнато стручно звање согласно прописите за заштита на културното наследство,
  - за нивото Д2 најмалку три години работно искуство во струката и стекнато стручно звање согласно прописите за заштита на културното наследство и
  - за нивото Д3 до една година работно искуство

**Член 4**

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената писмена согласност од Управниот одбор и Министерството за информатичко општество и администрација.

**директор**

**Архивски број:01-425/1**

**Даниела Николова**

**Датум: 14.07. 2021 год.**